# Преглед на пазарите

01.05.2023-05.05.2023

- **САД**

Главните индекси ја завршија неделата на пониско ниво по коментарите на претседателот на ФЕД, Џером Пауел, дека врвот на каматните стапки сеуште не е постигнат. Дополнително врз сентиментот влијаеше и потребата од покачување на горната граница на долгот на САД. Во рамки на S&P500 индексот, најголем раст оствари секторот информациска технологија наспроти намалувањето на цените на акциите кај енергетскиот сектор кој го следеше падот на цените на нафтата. Приносите на државните обврзници се намалија поради стравот од пад на регионалните банки и големиот долг на САД. Прометот на берзите не беше голем пред покачување на каматната стапка на ФЕД ниту порасна по очекуваната објава за покачување. Зголемувањето на каматната стапка од 0,25% на 3- ти мај беше очекувано но и најавувано од страна на ФЕД. Исто така на прес конференцијата, претседателот на Централната банка најави дека врвот на каматните стапки е блиску, но и дека се можни допонителни зголемувања. Бројот на ново отворените работни места опаѓа веќе трет месец по ред од 9,97 милиони на 9,59 милиони. Падот главно е забележан во сегментот на мали компании до 49 вработени. Меѓутоа, пазарот на труд остана силен со повеќе од 1,6 слободни работни позиции на секој невработен. Просечната плата во април порасна за 0,5%, за разлика од растот од 0,3% месечно за март.

- **Европа**

Индексот STOXX Europe 600 ја заврши неделата за 0,28% пониско, а сентиментот беше нарушен поради стравот од можна рецесија и банкарските потреси. Останатите индекси беа без одредена насока. Индексот DAX порасна за 0,24%, додека францускиот CAC 40 се намали за 0,78%. Приносите на државните обврзници се намалија по зголемувањето на каматната стапка на Европската централна банка за 0,25%. Приносот на германската 10 годишна државна обврзница се намали на најниско ниво во период од еден месец. Во Велика Британија приносите останаа непроменети и се на највисоко ниво од околу 3,8% во очекување на дополнително покачување на каматната стапка на Банката на Англија. Европската централна банка го намали темпото на покачување на каматните стапки и со последното покачување од 0,25%, каматната стапка дојде до 3,25%. Претседателката на

ЕЦБ, Кристин Лагард најави дека се потребни уште зголемувања на каматните стапки за враќање на инфлацијата до саканото ниво. Податоците за инфлацијата за април покажаа раст од 7,0% годишно во споредба со 6,9% за март. Меѓутоа, базичната инфлација бележи забавување со раст од 5,6% што е пониско од првичните очекувања. Во Еврозоната, невработеноста се намали на 6,5%, а во Германија на 2,8%. Велика Британија бележи знаци на стабилизирање на пазарот на недвижнини при што одобрените хипотекарни барања растат веќе втор месец по ред. Притоа одобрени се 52 011, наспроти 44 126 барања за февруари што е најголем број на одобрени хипотекарни барања од октомври 2022 година.

- **Азија**

Во Јапонија индексите остварија раст во првите два дена од неделата, а остатокот од неделата беше во затишје поради државните празници. Индексот Nikkei 225 порасна за 1,0%, а TOPIX за 0,9%. Падот на јенот придонесе позитивно врз сентиментот, а особено за извозните компании. Ултра експанзивната монетарна политика исто така беше позитивна за берзите. До крајот на неделата, јенот во однос на доларот порасна од 136,3 на 134,1 јени за долар. Приносот на јапонската 10 годишна државна обврзница остана непроменет на нивото од 0,42%.

Кинескиот индекс Shanghai Stock Exchange порасна за 0,34%, а индексот CSI 300 се намали за 0,3%. Објавата на податокот за PMI беше позитивен со раст од 49,2 за март на 51,9 во април. Ова е највисоко ниво од декември 2022 година што е показател дека економијата се опоравува по минатогодишното затворање и анти- Ковид мерките. Од друга страна, намалувањето на активноста на фабриките ги загрижи инвеститорите дека се губи позитивниот моментум. Во Кина според податоците објавени од Министерството за култура и туризам, домашниот туризам се врати на нивото од пред пандемијата, а бројот на патувања порасна за 71% во однос на минатата година,.